# З А П И С Н И К
**од Единаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 29.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Единаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 29.6.2017 година**

Седницата започна во 17:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваше и Игор Коруноски, директор на Македонски железници Транспорт АД Скопје.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања д-р Бујар Османи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Билен Саљији, министер за правда и м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗНАОЃАЊЕ НА НАЧИНОТ НА РЕШАВАЊЕ НА ДОЛГОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ КОН АД ЕЛЕМ И АД МЕПСО

2. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК ДО КОМПАНИИТЕ ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СТРУЧНА ПОМОШ ОД СТРАНСКИ ЕКСПЕРТИ

3. КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

4. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

5. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ И ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „DRAGON RIDE"

6. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗНАОЃАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА СОСТОЈБИ ВО АД „11-ТИ ОКТОМВРИ ЕУРОКОМПОЗИТ" – ПРИЛЕП, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

7. ПРЕДЛОГ–ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за изнаоѓање на начинот на решавање на долговите на Македонски железници Транспорт АД - Скопје кон АД ЕЛЕМ И АД МЕПСО и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се препорачува на органите на управување на Македонски железници Транспорт АД - Скопје и АД ЕЛЕМ, да остварат заедничка средба со која ќе ја утврдат целосната состојба на меѓусебните должничко-доверителски односи и ќе пристапат кон изнаоѓање на спогодбено решение за истите.

Исто така, се препорачува до изнаоѓањето на соодветно решение да не се продолжува со поведените судски постапки. За постигнатите заеднички решенија органите на управување на АД ЕЛЕМ и Македонски железници Транспорт АД - Скопје, веднаш да ја информираат Владата.

2. Се препорачува на органите на управување на Македонски железници Транспорт АД - Скопје и АД МЕПСО, да остварат заедничка средба со која ќе ја утврдат целосната состојба на меѓусебните должничко-доверителски односи и ќе пристапат кон изнаоѓање на спогодбено решение за истите.

Исто така, се препорачува до изнаоѓањето на соодветно решение да не се продолжува со поведените судски постапки. За постигнатите заеднички решенија органите на управување на АД МЕПСО и Македонски железници Транспорт АД - Скопје, веднаш да ја информираат Владата.

3. Се препорачува на органот на управување на АД МЕПСО да донесе одлука со која ќе се повлече предлогот за присилно извршување на паричното побарување, поднесено против Македонски железници Транспорт АД - Скопје, пред извршителот Катерина Кокина од Скопје.

Исто така, се препорачува органот на управување на АД МЕПСО, од наведениот извршител да побара одблокирање и поврат на блокираните парични средства во износ од 8.000.000,00 (осум милиони) денари на сметката на Македонски железници Транспорт АД - Скопје.

За преземената активност органот на управување на АД МЕПСО, веднаш да ја информира Владата.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на рокот на Јавниот повик до компаниите за пројавување на интерес за користење на стручна помош од странски експерти, ја усвои

Информацијата и ја задолжи работната група во рамки на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија да ги преземе сите неопходни активности, во насока на продолжување на рокот на Јавниот повик до компаниите за пројавување на интерес за користење на стручна помош од странски експерти за 30 дена, заклучно со 29.7.2017 година.

**Точка 3**

Владата на предлог на Комисијата за приватизација го именува Никола Џамбазовски за претставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал во АД Тутунски комбинат-Прилеп и истовремено го разреши досегашниот претставник.

Владата го овласти претставникот во име на Владата, како акционер во АД Тутунски комбинат Прилеп, во својство на полномошник да присуствува на седници на Собрание на акционери на АД Тутунски комбинат Прилеп, каде што ќе учествува и ќе гласа во име на Владата на Република Македонија сè до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото овластување.

**Точка 4**

1. Владата заклучи Информацијата за ревидирањето на Секторската оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020), со нов текст на ревидирана Секторска оперативна програма за транспорт 2014 – 2020 (СОПТ 2014-2020) да се разгледа на седницата на Владата, што ќе се одржи на 4.7.2017 година (вторник).

2. Министерот за здравство, д-р Арбен Таравари, ги информира членовите на Владата за состојбата со пожарот над Караорман, с. Делогожди, во Струшкиот Регион.

Воедно, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи ги информира членовите на Владата дека се активирани надлежните служби од Општина Струга и Дирекцијата за заштита и спасување како и противпожарни екипи од општините Струга, Охрид и Кичево.

3. Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски, ги информира членовите на Владата за бројот на предмети по кои согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија е побарано мислење, а истото не е доставено од страна на министерствата.

Согласно ова, се задолжуваат сите министерства да постапат по задолжението со цел проследување на материјалите во понатамошна владина постапка.

4. Владата ги донесе:

1) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник 8 Декември „Св. Климент Охридски“

2) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – 1 Јануари, Нова година

3) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот Божиќ, првиот ден на Божиќ - 7 јануари, според православниот календар

4) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот Велигден, вториот ден на Велигден, според православниот календар

5) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот - 1 Мај, Ден на трудот

6) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот - Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам

7) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот - 21 Декември, Ден на настава на турски јазик за припадниците на турската заедница

8) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот - 23 Мај, Национален ден на Власите, за припадниците на влашката заедница

9) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот - 24 Мај, „Св. Кирил и Методиј“ - Ден на сесловенските просветители

10) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 2 Август - Ден на Републиката

11) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 8 Септември - Ден на независноста

12) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник – 11 Октомври – Ден на народното востание

13) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник – 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба

14) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – Бадник, ден пред Божиќ

15) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – 19 Јануари – Богојавление (Водици)

16) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – Велики Петок, петок пред Велигден

17) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – 28 Август – Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица)

18) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – Духовден, петок пред Духовден

19) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – Курбан Бајрам, Првиот ден на Курбан Бајрам, за верниците од муслиманска вероисповед

20) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – 22 Ноември, Ден на албанската азбука, за припадниците на албанската заедница

21) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – 27 Јануари, Свети Сава, за припадниците за српската заедница

22) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – 8 Април, Меѓународен ден на Ромите, за припадниците на ромската заедница

23) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празниците – Првиот ден на Божиќ, Вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци, според грегоријанскиот календар, за верниците од католичка вероисповед

24) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – Јом Кипур, Првиот ден на Јом Кипур, за припадниците на еврејската заедница и

25) Решението за престанување на важење на Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на празникот – 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците, за припадниците на бошњачката заедница, во предложените текстови.

5. По повод укажувањето на д-р Арбен Таравари, министер за здравство, а во врска со топлотниот бран и високите температури кои ја зафатија Република Македонија, со цел намалување на ризиците за лицата кои се наоѓаат на отворен простор, дома, на своите работни места, покрај езерата, реките, базените и планините, Владата ги потврди следните мерки и препораки на Министерството за здравство:

- Ослободување од работните обврски на најранливите групи на населението, како што се бремените жени и хронично болните лица на возраст над 60 години.
- Во установите за згрижување на децата (градинки) да не практикуваат физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во периодот од 11 до 17 часот.
- Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст на Република Македонија и центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да имаат поактивен пристап и да пружат помош на осамени стари изнемоштени лица и бездомници.
- Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се потсетуваат работодавците на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.
- Државните органи и јавните претпријатија и установи да ги почитуваат препораките.
- Се препорачува на приватниот сектор да го организира работното време со цел за заштита од директна сончева изложеност на работниците, избегнување престој на отворено во периодот од 11 до 17 часот.
- Оваа мерка да биде со времетраење од три дена, до натамошно одлучување. Владата и надлежните органи будно ќе ја следат состојбата и доколку има потреба ќе бидат преземени мерки согласно Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови, врз населението во Република Македонија.
- Истовремено, работното време градинките да го организираат во периодот од 7 до 17 часот. Градинките не треба да практикуваат физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено после 11 часот.
- Сите правни субјекти кои вршат активности на отворено да ги запрат активностите во периодот од 11 до 17 часот. Ова особено се однесува на градежните работници
- Истовремено, населението во целиот летен период потребно е да ги почитува следните општи мерки за заштита на здравјето како што се:
- Во текот на екстремно топли денови, да се остане повеќе во затворени простории (пред се климатизирани), а при неопходен престој на отворен простор во овој период, да се најде можност за почести одмори под сенка.
- Да се носи светла и лесна облека, а при директна изложеност на сонце носете заштитни очила и капа, а при сончање да се користи крема со висок заштитен фактор.
- Да се внесува помало количество храна, претежно овошје и зеленчук, а помалку масна храна.

- Да се внесуваат големи количества течности, најдобро обична вода за пиење, а да се избегнуваат алкохолните пијалаци.
- При влегување во возило, потребно е тоа одреден период да се проветри.
- Хронично болните лица редовно да ја земаат препишаната терапија, во консултација со матичните лекари.
- Исто така, се информира јавноста дека здравствените установи се подготвени со доволен број капацитети (хумани, просторни) и медикаментозна терапија за евентуално справување со зголемен број на лица со штетни ефекти по здравјето од високите температури.
- По потреба и на дневна основа, Комисијата за следење на ефектите од високите температури при Министерството за здравство ќе предлага мерки и активности за минимизирање на овие ризици, посебно за најранливата категорија на граѓани во деновите кои доаѓаат.

Истовремено, Владата заклучи стручните служби во Министерството за здравство да ја испитаат потребата мерките и препораките од точка еден кои се однесуваат на ослободување од работните обврски да важат и за хронично болните лица на возраст под 60 години и за ова министерот за здравство да ја информира Владата на наредната седница.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовната активност „DRAGON RIDE" и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на Одлуката предлагачот номотехнички да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за изнаоѓање на решение за состојби во АД „11-ти Октомври" Еурокомпозит – Прилеп, во државна сопственост и ја усвои со заклучок:

- се овластува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу раководството и синдикатот на АД „11-ти Октомври" Еурокомпозит – Прилеп, во државна сопственост и претставниците на гранскиот синдикат СИЕР.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, за наредната седница на Владата, со заклучок Министерството за финансии и другите надлежни министерства да достават мислење по предметната Предлог – одлука.

Исто така, се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во прилог на Предлог – одлуката да достави и информација со искуства со други држави каде што ова е применето и како примената се рефлектира врз ефикасноста, работната дисциплина и евентуалните финансиски импликации.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:05 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**